Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
*Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,*
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
*М-р Марија Маневска,*
**генерален секретар**

**Лектура**
*БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје*
*29 Владимир Каваев*
*1000 Скопје*

**Техничко уредување**
*Зоран Кордоски*

# С О Д Р Ж И Н А

**С Т А Т У Т**
на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ..........................3

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ..........................................................28

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), како и член 3, став 2 и член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425, 28 јуни 2019 година), Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 16.9.2019 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

(1) Со овој Статут се уредуваат: начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

(2) За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Статус и основна дејност**

**Член 2**

(1) Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е високообразовна установа како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

(2) Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје општествени науки, во научното поле правни науки.

(3) Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност и во научноистражувачкото подрачје општествени науки, и во научното поле политички науки (вклучувајќи ги и комуниколошките науки, мас медиуми, новинарство и односи со јавноста), како и во научните полиња и области што се во врска со основната дејност на Факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Статут во согласност со Законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

(1) Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

(2) Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет - Скопје.

(3) Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: Republic of North Macedonia, Ss. Cyril and Methodius University -Skopje, Iustinianus Primus Faculty of Law - Skopje.

(4) Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University -Skopje, Faculty of Law - Skopje.

(5) Факултетот може да го користи и називот испишан на латински јазик Universitas Sanctorum Curilli et Methodi – Fakultas Iuridica Iustinianus Primus – Skopje.

(6) Седиштето на Факултетот е на адреса: бул. „Гоце Делчев“ бр. 9б, Скопје.

**Датум на основање**

**Член 5**

Факултетот е основан со Уредба на Владата на Народна Република Македонија од 3.11.1951 година, како отсек на Правно-економскиот факултет, а од 1.7.1956 година, со Одлука на Извршниот совет на Собранието на Народна Република Македонија за одредување на денот на разделувањето на Правно-економскиот факултет на Универзитетот во Скопје и денот на новообразуваниот Правен факултет

и новообразуваниот Економски факултет, работи како самостојна високообразовна установа.

**Надлежности, права, обврски и одговорности на Факултетот**

**Член 6**

Факултетот има надлежности, права, обврски и одговорности согласно со Законот, со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

*Интернет-страница на Факултетот*

**Член 7**

(1) Факултетот има интернет-страница на македонски јазик и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
3. актот за систематизација;
4. деловникот за работа на Наставно-научниот совет;
5. правилникот за плати и надоместоци на Факултетот;
6. извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
7. распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
8. завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
9. годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
10. прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
11. прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
12. докторски дисертации пред одбраната на истите;
13. други акти кои ги носи Факултетот согласно други закони;
14. Етичкиот кодекс;
15. каталог на услуги;
16. информации за студентите;
17. тековни активности;
18. друго.

(2) Деканатската управа донесува акт за изгледот на интернет-страницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

**Член 8**

(1) Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот.

(2) Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

(3) Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со закон, со Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

(4) Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 9**

(1) Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија.

(2) Одредбите за автономијата утврдени со Закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

**Член 10**

(1) Факултетот ги спроведува политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со Законот и Статутот на Универзитетот.

(2) За спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија ќе биде надлежно телото за еднаквост, недискриминација и инклузија формирано на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

**Печат**

**Член 11**

(1) Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу грбот, во два концентрични круга, стои натпис што гласи: во надворешниот круг: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а во внатрешниот круг: Република Северна Македонија.

(2) Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Штембил**

**Член 12**

(1) Штембилот на Факултетот има правоаголна форма и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, број __.___/___ година, Скопје.

(2) Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Знаци и други обележја**

**Член 13**

(1) Факултетот има амблем, знаме, инсигнии за деканот и одора.

(2) Амблемот на Факултетот се состои од фигурата на божицата на правдата Јустиција вметната во круг во кој е испишан текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“.

(3) Амблемот на Факултетот се употребува на дипломите, меморандумот и на други документи што ги издава Факултетот.

(4) Знамето на Факултетот е во правоаголна форма со темноцрвена боја, со амблемот на Факултетот, во златна боја.

(5) За ораторство се употребува фигурата на Цицерон.

(6) На изданија на Факултетот, рекламни материјали, како и на други пригодни одличја што се издаваат по разни поводи на Факултетот, покрај фигурата на божицата на правдата, можат да се употребуваат и ликовите на Јустинијан Први и на Цицерон.

(7) Знаците и другите обележја Факултетот ги заштитува согласно со закон.

(8) При употребата на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

**Член 14**

(1) Факултетот има свои инсигнии кои ги утврдува Наставно-научниот совет, согласно со Статутот на Универзитетот.

(2) На единствените основи на инсигниите: грбот на Универзитетот и делот што ги симболизира словенската писменост и култура, се додаваат амблемот на Факултетот и ликот на Јустинијан Први.

**Член 15**

(1) На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите која е пропишана со Статутот на Универзитетот.

(2) Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со актите на Универзитетот.

**Ден на Факултетот, награди и признанија**

**Член 16**

(1) Ден на Факултетот е 3 ноември, датумот кога е основан Факултетот.

(2) Факултетот го одбележува 10 декември – Меѓународниот ден на правата на човекот, со одржување на свечена седница на Наставно-научниот совет.

**Член 17**

(1) По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

(2) Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставно-научниот совет.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 18**

(1) Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност како единствен процес.

(2) Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
4. организира научни собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други исправи (документи) за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други исправи (документи) за статусот на студентот во текот на студирањето;
7. издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица;
8. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
9. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
10. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
11. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
12. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
14. самостојно реализира домашни и меѓународни проекти;
15. води евиденции согласно со важечките прописи за водење евиденции за високото образование;
16. врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

## V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 19**

За вршење на својата дејност, Факултетот може да ги основа следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри, центри, стручна служба, библиотека и др.

**Институти**

**Член 20**

(1) Институтите се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот.

(2) Во рамките на институтите се организираат катедри коишто припаѓаат на соодветната научноистражувачка област, односно научноистражувачки области.

**Член 21**

(1) Институтите се формираат за определена научноистражувачка област, односно научноистражувачки области, за организирање и изведување на наставно-образовна дејност поврзана со соодветната научноистражувачка област, односно научноистражувачки области, развојни, применувачки и фундаментални проекти.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, за научноистражувачките полиња политички науки и медиуми и комуникации се формира еден институт.

(3) Членови на институт се наставниците и соработниците кои се во

работен однос на Факултетот избрани на научноистражувачки области коишто влегуваат во дејноста на институтот.

(4) Секој наставник и соработник кој е во работен однос на Факултетот може да биде член само на еден институт, согласно научноистражувачката област на којашто е избран, којашто влегува во дејноста на институтот.

**Член 22**

Институтите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа, со измена на овој Статут.

**Член 23**

Институтите во рамките на својата дејност:

1. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. организираат и остваруваат применувачка дејност;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки услуги;
6. се грижат за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивното вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за создавањето научен подмладок;
9. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
10. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа;
11. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
12. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
13. предлагаат членови на рецензентски комисии;
14. вршат самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
15. проследуваат распоред на часови за предавања и вежби за наставниците и соработниците за секоја академска година по предлог на катедрите во состав на институтот;
16. организација, подготовка и изведување на теоретската и теренската настава според студиската програма;
17. вршат и други работи утврдени со овој Статут.

**Член 24**

На Факултетот се основани и функционираат следниве институти во рамки на кои се формираат следниве катедри:

**1. Институт за граѓанско право:**

1.1 Катедра за граѓанско материјално право;
1.2 Катедра за граѓанско процесно право.

**2. Институт за деловно право и економски науки:**

2.1 Катедра за право на друштва;
2.2 Катедра за трудово право;
2.3 Катедра за финансово право и финансии;
2.4 Катедра за трговско право;
2.5 Катедра за економски науки.

**3. Институт за казнено право:**

3.1 Катедра за казнено материјално право;
3.2 Катедра за казнено процесно право;
3.3 Катедра за криминологија и пенологија.

**4. Институт за меѓународно право и меѓународни односи:**

4.1 Катедра за меѓународно јавно право;
4.2 Катедра за меѓународно приватно право;

4.3 Катедра за меѓународни односи и историја на дипломатија;
4.4 Катедра за право на Европска Унија.

**5. Институт за правно-политички науки**
5.1 Катедра за воведни и теоретски правни науки;
5.2 Катедра за уставно право и политички систем;
5.3 Катедра за административно право и јавна администрација.

**6. Институт за римско право и правно-историски науки**
6.1 Катедра за римско право;
6.2 Катедра за историја на правото.

**7. Институт за политички науки и медиуми и комуникации:**
7.1 Катедра за теоретски политички науки;
7.2 Катедра за применети политички науки;
7.3 Катедра за европски интеграции и дипломатија;
7.4 Катедра за медиуми и комуникации.

**Член 25**

(1) Институтот полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(2) Со институтот раководи раководител кој е од редот на наставниците - членови на институтот.

(3) Раководителот на институтот се избира со мандат од 3 (три) години, со можност за уште еден избор.

(4) Раководител на институт се избира на тајни и непосредни избори, од страна на членовите на институтот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на институтот.

(5) Деканот на Факултетот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институт во рок од 7 дена по извршениот избор на раководител на институт.

(6) Доколку деканот на Факултетот не донесе одлука со која се констатира изборот на раководител на институт во рок од 7 дена, се смета дека одлуката е донесена во моментот кога деканот на Факултетот е известен за извршениот избор на раководител на институт.

(7) Раководител на институт не може во исто време да биде и раководител на колегиум на студиска програма за втор циклус на студии на Факултетот.

(8) Институтот по предлог од раководителот на институтот, избира и разрешува секретар на институтот, кој ќе ги врши административните работи на институтот.

**Член 26**

(1) Доколку институтот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител или во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот на Факултетот назначува в.д. раководител на институт во период од 30 дена.

(2) Во случаите од став 1 од овој член, постапката за избор на раководител на институтот се спроведува и завршува најдоцна во рок од 30 дена од денот на назначување на в.д. раководител. Ако не се избере раководител, се применува одредбата од ставот 1 на овој член.

**Член 27**

(1) Во случај на оправдано отсуство на раководителот подолго од 1 (еден) месец (студиски престој, боледување, платено отсуство), деканот на Факултетот го овластува по правило највозрасниот член на институтот, да го заменува раководителот на институтот, но не подолго од 3 (три) месеци.

(2) По истекот на рокот од 3 (три) месеци од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител.

**Член 28**

(1) На раководителот на институтот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, со одлука на деканот на Факултетот се констатира дека на раководителот му престанал мандатот.

(3) Доколку деканот на Факултетот во рок од 7 дена од настапување на случаите од ставот 1 на овој член не донесе одлука со која се констатира дека на раководител на институт му престанал мандатот, се смета дека одлуката е донесена во моментот кога деканот на Факултетот е известен за настапување на таквиот случај.

**Член 29**

(1) Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт можат да поднесат најмалку 1/3 од вкупниот број членови на институтот или деканот на Факултетот. Иницијатива за разрешување на раководител на институт се поднесува поради повреда на Законот за високото образование и на актите на Универзитетот и на Факултетот.

(2) Институтот одлучува по иницијативата за разрешување на раководителот во рок од 15 дена од денот на поднесување на иницијативата.

(3) Институтот одлучува за иницијативата и за разрешувањето на раководителот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на институтот.

**Член 30**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот и се грижи и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на институтот;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. се грижи за работната дисциплина во институтот;
7. поднесува годишен извештај за својата работа пред институтот и пред деканот;
8. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи институтот;
9. ги известува вработените од институтот за работата на Деканатската управа и доставува записници од седниците на Деканатската управа до членовите на институтот;
10. ги потпишува актите што ги донесува институтот (записници, извештаи, предлози, мислења и сл.);
11. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Катедри**

**Член 31**

(1) Катедрите се формираат за иста или сродна научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката дејност.

(2) Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа со измена на овој Статут.

(3) Катедрата полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број нејзини членови, а одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број членови на катедрата.

(4) Катедрата ја сочинуваат наставниците и соработниците кои се во работен однос на Факултетот избрани на научноистражувачката област за којашто е формирана катедрата.

(5) Секој наставник и соработник кој е во работен однос на Факултетот може да биде член само на една катедра, согласно научноистражувачката област на којашто е избран, којашто влегува во дејноста на катедрата.

(6) Наставните предмети на катедрата се уредуваат со Прилог I на овој Статут.

**Член 32**

Катедрите во рамките на својата дејност:

1. организираат и остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при

реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
5. се грижат за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивното вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
6. развиваат современи педагошки методи;
7. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
8. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
9. предлагаат распоред на часови за предавања и вежби за наставниците и соработниците за секоја академска година и истиот го доставуваат до институтот за проследување до Наставно-научниот совет;
10. вршат и други работи утврдени со овој Статут.

**Член 33**

(1) Со катедрата раководи раководител кој е од редот на наставниците - членови на катедрата, кој ја организира и ја води работата на катедрата.

(2) Раководителот на катедрата се избира со мандат од 3 (три) години.

(3) Раководител на катедра се избира на тајни и непосредни избори, од страна на членовите на катедрата со мнозинство гласови од вкупниот број членови на катедрата.

(4) Доколку при спроведеното гласање ниту еден од предложените кандидати за раководител на катедра не добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на катедрата, раководителот на катедрата го именува деканот на Факултетот.

**Центри**

**Член 34**

(1) Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката, применувачката дејност, како и наставно-образовната работа, спроведување на правна клиничка настава, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско-документациски активности.

(2) Раководителот на центарот го именува деканот, за период од 3 (три) години.

(3) Раководителот на центарот е должен да изработува годишни извештаи за работата на центарот што ги доставува до Наставно-научниот совет.

**Член 35**

(1) Наставно-научниот совет, со статутарна одлука за формирање на центар, утврдува за која цел се основа центарот, просторот каде што ќе биде лоциран, кадровската екипираност, корисниците, финансиската конструкција на работењето на центарот, како и други работи битни за неговото функционирање.

(2) Заради спроведување на апликативни проекти, се формираат центри за правна клиничка едукација со одлука на Наставно-научниот совет за формирање на центар за правна клиничка едукација.

(3) Центар може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

**Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Факултетот**

**Член 36**

(1) Факултетот може да основа центар за кариера, кој води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни) и организира саеми за кариера.

(2) Работата на центарот за кариера е усогласена со работата на одборот за поддршка на Факултетот.

(3) Одборот за поддршка има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии на Факултетот, за што по правило еднаш годишно закажува средба на

поддржувачите на Факултетот (алумнистите).

(4) Наставно-научниот совет со акт ги утврдува организацијата и работата на центарот на кариера и одборот за поддршка на Факултетот.

**Основање на друга организација**

**Член 37**

(1) Факултетот може, под услови утврдени со закон, да основа трговско друштво.

(2) Акт за основање трговско друштво донесува Наставно-научниот совет, по предлог на Деканатската управа.

(3) Кон одлуката е потребно да се обезбедат: елаборат за основање; средства за работа; план и програма за работа; објект, опрема и простор; потребен број работници и други услови.

**Стручна и административна служба**

**Член 38**

(1) Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

(2) Со службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот на Факултетот.

**Член 39**

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 40**

(1) Секретарот се грижи за правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар. Доколку единицата нема секретар, се грижи деканот.

(2) Секретарот покрај правата и одговорностите утврдени со актот за организација му предлага на деканот решенија во врска со правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

**Член 41**

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 42**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Библиотека**

**Член 43**

(1) Библиотеката на Факултетот, како организациона единица во рамките на стручната и административна служба на Факултетот, учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

(2) Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

**Член 44**

Наставно-научниот совет може да иницира формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог од деканот и од Деканатската управа согласно со Статутот на Универзитетот.

## VI. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Факултетско студентско собрание**

**Член 45**

(1) Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите од Факултетот.

(2) Факултетското студентско собрание ги штити интересите на студентите,

учествува, преку свои претставници, во работата на органите и телата на Факултетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница.

(3) Факултетското студентско собрание работи согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот, Статутот на универзитетското студентско собрание, Статутот и актите на Факултетот, како и согласно со Статутот на Факултетското студентско собрание.

(4) Факултетското студентско собрание има статут, кој Студентското собрание го донесува по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

(5) Работата на Факултетското студентско собрание се финансира со средства на Факултетот, во рамките на финансиските можности.

**Член 46**

(1) Со Факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни и тајни избори. Претседателот на Факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на Факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и Факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

(2) Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година, со право за уште еден избор.

(3) Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во која се избира претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание.

**Член 47**

(1) Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

(2) Доколку деканот на Факултетот не ги распише изборите за Факултетското студентско собрание во рок од 30 дена пред нивното одржување, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од 30 дена пред одржување на изборите.

(3) Изборот на членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се одржува секоја година во термин утврден во Статутот на универзитетското студентско собрание.

(4) Во одлуката за распишување на избори, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на Факултетското студентско собрание.

(5) Одлуката за распишување избори се објавува на интернет-страницата на Факултетот.

(6) Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

(7) Изборната комисија избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник, за спроведување на изборите.

**Член 48**

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 49**

(1) Факултетското студентско собрание брои 60 претставници на студентите.

(2) Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година/студиска програма се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од прв циклус студии - додипломски студии, од втор циклус студии - постдипломски студии и од трет циклус студии - докторски студии се утврдува со статутот на Факултетското студентско собрание.

**Член 50**

Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание.

**Заменик-студентски правобранител**

**Член 51**

(1) На Факултетот, од страна на Факултетското студентско собрание, се избира заменик- студентски правобранител врз основа на објавен конкурс од редот на редовните студенти од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор.

(2) Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку проценил дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

(3) Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат и да постапат согласно укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.

(4) Заменик-студентскиот правобранител за својата работа поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на Факултетот.

(5) Постапка за разрешување на заменикот студентски правобранител можат да покренат членовите на Факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на Факултетот. За разрешување на заменикот студентски правобранител одлучува Факултетското студентско собрание.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 52**

(1) Факултетското студентско собрание ги избира и ги разрешува претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот, согласно со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(2) Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

(3) Факултетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во Наставно-научниот совет, Деканатската управа и во другите органи и тела на Факултетот со тајно гласање, за време од 2 (две) години, без право на уште еден избор.

(4) Претседателот на Факултетското студентско собрание доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор на претставници на студентите во органите и телата на Факултетот и ги доставува до деканот на Факултетот во рок од 3 (три) дена по извршениот избор.

(5) Изборот на претставници на студентите во Наставно-научниот совет, Деканатската управа и во другите органи и тела на Факултетот се врши по правило во период од 1 ноември до 1 декември во тековната академска година.

(6) Во случај на престанок на мандат на претставник на Факултетското студентско собрание во органите и телата на Факултетот, Факултетското студентско собрание е должно да избере нов член во рок од 14 дена од денот на престанокот на мандатот.

(7) До изборот, претставникот не се смета во вкупниот број членови во органите и телата на Факултетот.

## VII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 53**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

**Наставно-научен совет**

**Член 54**

Наставно-научниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

**Член 55**

(1) Членови на Наставно-научниот совет се: редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во редовен работен однос на Факултетот, како и претставниците кои ги избира Факултетското студентско собрание.

(2) Членовите на Наставно-научниот совет на кои им мирува работниот однос поради вршење на јавна функција или неплатено отсуство, може да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет, но без право на глас и истите не се бројат во вкупниот број на членови на Наставно-научниот совет додека им трае мирувањето на работниот однос.

(3) Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, односно претставува првиот нареден цел број од 10 %. Бројот на студентите во Наставно-научниот совет се констатира според состојбата на вкупниот број членови на Наставно-научниот совет на првата седница од тековната учебна година.

(4) Мандатот на претставниците од редот на студентите во Наставно-научниот совет е 2 (две) години, без право на уште еден избор. Мандатот на претставниците од редот на студентите во Наставно-научиот совет им почнува со денот на изборот.

(5) Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**Член 56**

Претставниците на студентите се избираат од Факултетското студентско собрание. Студентите се застапени со најмалку три претставници од правни студии и по еден претставник на студентите запишани на студиските програми - политички студии, новинарство и односи со јавност.

**Член 57**

(1) Присуството на членовите на Наставно-научниот совет на седниците на Наставно-научниот совет е задолжително.

(2) Членовите избрани во комисиите и телата од Наставно-научниот совет имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

**Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет**

**Член 58**

(1) Наставно-научниот совет, во рамките на својата надлежност:

1. донесува статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот на Универзитетот за потврдување;
4. избира продекани на Факултетот;
5. избира членови во Сенатот на Универзитетот (сенатори);
6. му предлага на Сенатот на Универзитетот студиски програми кои можат да бидат на македонски јазик и на англиски јазик;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во соработнички звања, во насловни звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
12. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
13. ги донесува општите акти на Факултетот;
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
16. избира и разрешува секретар на Факултетот;
17. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството за евалуација на Универзитетот;
18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-

информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
19. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
20. одлучува за остварување на меѓународната соработка;
21. одлучува по иницијативата за предвремен престанок на изборот во звање;
22. утврдува потреба од нови наставници и соработници;
23. распишува конкурс за прв избор во наставно-научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои се избрани за прв пат во соодветното звање, освен за насловните звања;
24. дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет при Универзитетот;
25. дава мислење до Сенатот на Универзитетот заради добивање согласност наставниците и соработниците на Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
26. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
27. избира членови на дисциплинската комисија за дисциплинска одговорност на студентите од Факултетот;
28. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа, поканува визитинг-наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
29. склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
30. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) согласно со Законот за високото образование;
31. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
32. избира членови на рецензентски и други комисии;
33. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан на Факултетот;
34. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан на Факултетот;
35. донесува деловник за работа и одлучување на органите и телата на Факултетот;
36. го разгледува извештајот за работа од заменик-студентскиот правобранител;
37. донесува правила за студирање на Факултетот;
38. донесува одлука за утврдување на инсигнии за деканот на Факултетот;
39. донесува одлука за утврдување на критериуми за наградување, видот на наградите и признанијата кои се доделуваат по повод јубилеи и други значајни настани на Факултетот;
40. ја утврдува организацијата и работата на центарот за кариера;
41. донесува одлука за основање на трговско друштво по предлог на Деканатската управа;
42. иницира формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог од деканот и на Деканатската управа согласно со Статутот на Универзитетот;
43. дава согласност за статутот на Факултетското студентско собрание;
44. одобрува платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години на наставниците и соработниците вработени на Факултетот заради научно, односно стручно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно звање и одобрува отсуство на наставник во наставно-научно звање во вкупно траење од најмногу 12 месеци заради продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување;
45. може да покрене иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање, со најмалку 1/5 од членовите на Наставно-научниот совет;
46. донесува одлука за меѓународни проекти;
47. за одделни студиски програми или за други потреби формира стручни тела, комисии и други работни групи;

48. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

(2) Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) За работите од ставот 1, точки 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни 2/3 од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Член 59**

(1) Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со Закон и со Статутот на Универзитетот.

(2) За избор и разрешување на: декан, продекани и за избор на сенатори, Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

(3) Наставно-научниот совет, со јавно гласање, може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за прашања за кои се гласа јавно.

(4) При изборот во наставно-научни звања, соработнички звања, насловни звања, како и за избор на демонстратори, не учествуваат претставниците од студентите и не се сметаат во кворумот за работа на Наставно-научниот совет.

**Член 60**

(1) Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

(2) Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

(3) Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/5 од членовите.

**Член 61**

(1) По предлог на институтите, Факултетот, од редот на професорите, со тајно гласање избира два претставника во Сенатот на Универзитетот (сенатори).

(2) Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

(3) Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не се избрани кандидати, односно кандидат, гласањето се повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови.

(4) Ако во случајот од претходниот став на овој член не се избрани кандидати, односно кандидат, за членови на Сенатот на Универзитетот, постапката за предлагање се повторува со нови кандидати.

(5) Мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот (сенаторите) трае 3 (три) години, со право на уште еден избор.

**Декан**

**Член 62**

(1) Деканот е раководен орган.

(2) Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(3) Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**

**Член 63**

(1) Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет на Факултетот;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
5. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
7. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и

заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни звања и за повторен избор на лица избрани во соработнички звања, најрано 7 (седум), а најдоцна 6 (шест) месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;
9. ги промовира студентите што завршиле прв и втор циклус студии и доделува награди;
10. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
11. може да покрене иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање**;**
12. потпишува уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на студиите и по завршување на студиите;
13. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и на Факултетот;
14. формира постојани и повремени работни тела за работи од неговата надлежност;
15. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот и на Факултетот;
16. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на раководниот орган, согласно со Законот за јавни набавки и актите на Универзитетот и на Факултетот;
17. на страна на работодавач го потпишува договорот за вработување на лицата избрани во звања заедно со ректорот;
18. донесува одлука за распишување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание во рок од 30 дена пред нивното одржување;
19. се грижи за реализацијата на годишниот план за јавни набавки;
20. одлучува по барањата на наставниците да не се продолжи рокот за распишување на конкурс за избор во звање за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;
21. врши и други работи согласно со Закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

(2) Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа. Доколку Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека е разрешен на истата седница и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога Наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот од деканот на Факултетот, отпочнува постапка за избор на нов декан.

(3) Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со Законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

(4) За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овласти одделни продекани.

**Избор на декан**

**Член 64**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

**Член 65**

(1) Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут. Одлуката за изборот на декан ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

(2) Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан, во која се определуваат роковите и начинот на спроведување на постапката за избор и составот на изборната комисија што ќе ја спроведе постапката за избор на декан во согласност со Статутот на Универзитетот, ќе спроведе гласање и ќе ги објави резултатите.

(3) Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Престанок на функцијата декан**

**Член 66**

На деканот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. ако е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот;
4. ако Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот;
5. во други случаи определени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**В.д. декан**

**Член 67**

(1) Ако во рокот предвиден со Статутот на Универзитетот не биде избран декан на Факултетот, или во случај на престанок на функцијата на деканот пред истекот на мандатот, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, односно од престанокот на функцијата на деканот, ректорот именува времен вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува.

(2) Мандатот на времениот вршител на должност декан трае до завршување на постапката за избор на декан, а најмногу шест месеци, при што за времен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

(3) Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата времен вршител на должност декан.

**Продекани**

**Член 68**

(1) Факултетот има 3 (три) продекани, кои ги предлага деканот.

(2) Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 69**

(1) Продеканите се избираат од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на новоизбраниот декан.

(2) Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.

(3) Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

(4) Мандатот на продеканите е 3 (три) години, со право на уште еден избор.

(5) Деканот и продеканите се избираат од различни институти на Факултетот.

**Член 70**

(1) Продеканите за својата работа одговараат пред Наставно-научниот совет и пред деканот.

(2) Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција, не ја извршува или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

**Член 71**

(1) Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

(2) Продеканот истовремено не може да биде и раководител на институт, катедра, центар или колегиум.

(3) Со престанок на мандатот на деканот престанува функцијата (мандатот) на продеканите.

(4) В.д. деканот може да назначи в.д. продекани.

**Деканатска управа**

**Член 72**

(1) Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 12 члена.

(2) Деканатската управа ја сочинуваат: деканот, продеканите, претставник од Факултетското студентско собрание и раководителите на институтите на Факултетот.

(3) Мандатот на претставникот од редот на студентите во Деканатската управа е 2 (две) години, без право на уште еден избор. Мандатот на претставникот од редот на студентите во Деканатската управа му почнува со денот на изборот.

(4) Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 73**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
2. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Наставно-научниот совет;
3. донесува план за јавни набавки;
4. одлучува по жалби на студентите против решенија на деканот;
5. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
6. донесува одлука за изгледот на интернет-страницата на Факултетот, за информациите кои ќе се објавуваат, за одговорни лица за доставување и објавување на информациите на интернет-страницата на Факултетот;
7. дава предлог до Наставно-научниот совет за основање на трговско друштво;
8. може да покрене иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање**;**
9. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
10. формира комисии и тела на Факултетот, освен оние чие формирање е во надлежност на Наставно-научниот совет;
11. формира комисии за попис и усвојува извештаи од комисиите за попис на Факултетот;
12. врши и други работи определени со Закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

**Член 74**

(1) Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

(2) Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

(3) Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Деканатската управа.

## VIII. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии**

**Член 75**

(1) За организирање на вториот циклус студии (постдипломски студии), за секоја студиска програма, се формира Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии (во натамошниот текст: Колегиум).

(2) Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Статут.

(3) Колегиумот го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по задолжителните предмети кои се утврдени со студиската програма. Наставниците кои изведуваат настава на предметите кои не се задолжителни на студиската програма може да учествуваат во работата на Колегиумот, без право на глас.

(4) Колегиумот полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 76**

Колегиумот во рамките на својата надлежност:

1. му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
2. доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на други факултети;
3. се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
4. расправа по приговори во врска со уписот на студенти и носи одлуки по нив;
5. поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти на студиската програма;
6. ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на магистерскиот труд;
7. на Наставно-научниот совет му доставува предлог за утврдување подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
8. на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
9. на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на магистерските трудови;
10. утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
11. доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус студии;
12. врши и други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Раководител на колегиумот**

**Член 77**

(1) Со колегиумот раководи раководител.

(2) Колегиумот го избира раководителот од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на колегиумот.

(3) Раководителот на колегиумот се избира со мандат од 3 (три) години, со можност за уште еден избор.

(4) Раководителот во рамките на својата надлежност:

1. ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
2. ги подготвува, свикува и ги води седниците на колегиумот;
3. се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
4. ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
5. ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;
6. ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;
7. врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставно-научниот совет и деканот на Факултетот.

(5) Раководител на колегиум на студиска програма за втор циклус на студии не може во исто време да биде и раководител на институт на Факултетот.

(6) Колегиумот по предлог од раководителот на колегиумот, избира и разрешува секретар на колегиумот, кој ќе ги врши административните работи на колегиумот.

**Член 78**

(1) Доколку колегиумот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител или во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот на Факултетот назначува в.д. раководител на колегиумот во период од 30 дена.

(2) Во случаите од став 1 од овој член, постапката за избор на раководител на колегиумот се спроведува и завршува најдоцна во рок од 30 дена од денот на назначување на в.д. раководител. Ако не се избере раководител, се применува одредбата од ставот 1 на овој член.

**Член 79**

Одредбите од овој Статут за колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за специјалистичките студии доколку се организираат.

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 80**

(1) За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира Факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста.

(2) За член на Одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

(3) Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 6 (шест) члена, и тоа:

- 2 члена избира Наставно-научниот совет од наставно-научниот кадар;
- 1 член – Собранието на Република Северна Македонија;
- 3 члена – претставници од деловната заедница. Деловните заедници коишто назначуваат претставници за членови во Одборот за соработка и доверба со јавноста, се определуваат со одлука на Наставно-научниот совет.

(4) Со Одборот за соработка и доверба со јавноста раководи претседател кој е од редот на членовите на Одборот коишто ги избира Наставно-научниот совет на Факултетот.

(5) Мандатот на членовите на одборот за соработка и доверба со јавноста е 3 (три) години, со право на повторен избор.

(6) Одборот за соработка и доверба со јавноста ќе дава препораки и совети, во врска со: студиските програми; континуирано учење и соработка на Факултетот со стопанството.

## IX. СТАТУС, ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТ

**Член 81**

Статусот, правата и обврските на студентите на Факултетот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и со правилата за студирање на Факултетот.

## X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 82**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## XI. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

**Член 83**

Начинот на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот се уредува со посебен Деловник кој го носи Наставно-научниот совет на Факултетот.

## XII. ПРОГРАМИ ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА СТУДЕНТИ

**Програми за стручно и професионално усовршување**

**Член 84**

(1) На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

(2) Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што

ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

(3) Покрај програмите од став 1 на овој член, Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон. Одлука за организирање на различни облици на неформално учење донесува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Промоција на завршени студенти**

**Член 85**

На Факултетот, најмалку еднаш во текот на годината, се врши промоција на студентите што дипломирале, односно магистрирале. Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот, на свеченост.

## XIII. ОТСУСТВО ОД РАБОТА

**Член 86**

На наставниците и на соработниците вработени на Факултетот, на секои пет години може да им се одобри платено отсуство во траење од една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно звање.

Лицата што користат платено отсуство во траење од една година можат да користат и неплатено отсуство уште две години.

Наставно-научниот совет одлучува за отсуството од став 1 на овој член на предлог на институтот каде што припаѓа наставникот, односно соработникот, во кој предлог се наведува дека е обезбедена замена.

**Член 87**

Лице избрано во наставно-научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошката обврска (спроведување настава) се прераспределува на други наставници, така што не смее нивната оптовареност да се зголеми за повеќе од 1/3.

**Член 88**

За време на платеното отсуство од членовите 86 и 87, наставникот, односно соработникот добива надоместок во висина на средствата што се определени со Буџетот на Република Северна Македонија.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 89**

(1) Постојниот декан избран пред влегувањето во сила на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) продолжува да ја врши својата функција до истекот на времето за кое е избран.

(2) Постојните продекани избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот на постојниот декан.

(3) Постојните раководители на институти именувани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот на постојниот декан.

(4) Постојните раководители на колегиуми на втор циклус на студии именувани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот на постојниот декан.

(5) Постојните раководители на катедри именувани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот.

(6) Центрите и правните клиники формирани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат со својата работа.

(7) Постојните раководители на центри именувани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот.

(8) На постојниот претседател и на постојните членови на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот, избрани пред влегувањето во сила на овој Статут, им престанува мандатот со денот на влегување во сила на овој Статут.

**Член 90**

(1) Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

(2) Согласност на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 91**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Д е к а н**
**проф. д-р Горан Коевски, с.р.**

**ПРИЛОГ I**
**НА СТАТУТОТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

| | **ИНСТИТУТ ЗА ГРАЃАНСКО ПРАВО** |
|---|---|
| **Катедра за граѓанско материјално право** ***(Научна област граѓанско материјално право 50803)*** | Општ дел на граѓанско право; Стварно право; Семејно право и наследно право; Облигационо право; Право на интелектуална сопственост; Договорно право; Современи наследноправни системи; Граѓанско право – применета програма; Отштетно право; Компаративно граѓанско право; Лично право, Земјишно-книжно право; Право на осигурување и обезбедување трансакции; Вовед во правото на интелектуална сопственост; Авторско право и сродни права; Потрошувачко право; Интернет право; Право на културно наследство; Право на урбанизам и градење; Социологија на семејството; Новите репродуктивни технологии и семејството; Земјоделско право; Европско семејно право; Патентно право; Право на трговски марки и географски називи. |
| **Катедра за граѓанско процесно право** ***(Научна област граѓанско процесно право 50803)*** | Граѓанско процесно право; Основи на граѓанска постапка; Парнично право; Вонпарнично и извршно право; Граѓанско право – применета програма; Стечајна постапка; Нотарско право; Граѓанско процесно право на ЕУ; Алтернативно решавање на спорови; Арбитражно право. |

| | **ИНСТИТУТ ЗА ДЕЛОВНО ПРАВО И ЕКОНОМСКИ НАУКИ** |
|---|---|
| **Катедра за право на друштва** ***(Научна област право на друштва 50825)*** | Право на друштва; Медиумско право; Корпоративно управување; Стечај и стечајна постапка; Право на хартии од вредност; Корпоративно право – применета програма; Корпоративна етика; Корпорациите и локалниот и регионален развој; Номотехника; Енергетско право; Право на регулација на води; Рударско право; Медицинско право; Општи деловни услови; Право на задругите; Право на професионални услуги и организации; Право на телекомуникации; Право на асоцијации (здруженија) и фондации; Осигурување; Право на јавни набавки; Компаниско право на ЕУ; Банки, берзи и инвестициски фондови; Претпријатие; Меѓународно право на хартии од вредност; Право на игрите на среќа; Фидуцијарно право; Право на системите за порамнување и извршување на трговските трансакции (клиринг и салдирање); Право на природни монополи и конкурентско право. |
| **Катедра за трудово право** ***(Научна област трудово право 50805)*** | Трудово право; Социјална политика; Трудово право – применета програма; Меѓународно трудово право; Европско социјално право; Социјално осигурување; Социјална заштита; Флексибилност и сигурност на пазарот на труд; Индустриски односи; Антидискриминациско право; Синдикално право; Право на здравје и безбедност при работа. |

| | ИНСТИТУТ ЗА ДЕЛОВНО ПРАВО И ЕКОНОМСКИ НАУКИ |
|---|---|
| **Катедра за финансово право и финансии** ***(Научна област финансово право и финансии 50812)*** | Финансово право; Буџетирање и буџетска политика; Даночно право; Буџетско право; Монетарно право; Меѓународно даночно право; Финансово право – практична настава; Берзанско право; Царинско право; Право на локално финансирање; Финансиски услуги во правото на ЕУ; Банкарско право; Право на финансиски услуги; Корпоративни даноци; Монетарно, кредитно и девизно право. |
| **Катедра за трговско право** ***(Научна област трговско право 50823)*** | Трговско право; Трговско право – применета програма; Меѓународно трговско право; Корпоративна инсолвентност; Компаративно корпоративно управување; Конкурентско право; Договори на автономната трговска практика; Транспортно и сообраќајно право; Право на електронска трговија; Туристичко право; Право на внатрешна пловидба; Воздухопловно право; Право на меѓународна трговска продажба. |
| **Катедра за економски науки** ***(Научна област економски науки 50835)*** | Економика; Применета економика; Политичка економија; Економски систем и економска политика; Современи економски теории; Меѓународни економски односи; Јавни финансии; Економика на јавен сектор; Меѓународни финансиски организации; Јавен менаџмент; Маркетинг; Основи на статистика; Деловни финансии; Економски систем и економска политика на РСМ; Спортски менаџмент и маркетинг; Човечки ресурси; Маркетинг и медиуми; Основи на менаџмент; Брендирање и рекламирање; Основи на маркетинг; Деловно окружување на РСМ; Меѓународни финансии; Менаџмент со човечки ресурси; Корпоративни финансии; Фискално окружување и корпоративни стратегии; Економика на интелектуалната сопственост; Право и економика. |

| | ИНСТИТУТ ЗА КАЗНЕНО ПРАВО |
|---|---|
| **Катедра за казнено материјално право** ***(Научна област казнено материјално право 50804)*** | Казнено право; Основни институти на јавно и приватно право; Медицинско казнено право; Казнено право – посебен дел; Меѓународно казнено право; Казнено материјално право – применета програма; Економско казнено право; Компаративно казнено материјално право; Криминална политика; Европско казнено право; Биоетиката и казненото право; Организиран криминал. |
| **Катедра за казнено процесно право** ***(Научна област казнено процесно право 50804)*** | Казнено процесно право; Правда и внатрешни работи на ЕУ; Судско право; Основи на кривична постапка; Малолетничко казнено право; Казнено процесно право – применета програма; Посебни казнени постапки; Криминалистика; Компаративно казнено процесно право; Полиција и човекови права. |
| **Катедра за криминологија и пенологија** ***(Научна област криминологија и пенологија 50826)*** | Криминологија; Пенологија; Социјална патологија; Виктимологија. |

| | ИНСТИТУТ ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ |
|---|---|
| **Катедра за меѓународно јавно право** ***(Научна област меѓународно јавно право 50806)*** | Меѓународно јавно право; Меѓународно право; Меѓународно право во граѓанска војна; Меѓународно право за правата на човекот; Мирно решавање на спорови; Принципи на меѓународно право; Слобода на изразување; Меѓународно јавно право – применета програма; Меѓународно воено и хуманитарно право; Малцински и други групни права; Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право; Говор на омраза и дела од омраза; Меѓународни организации; Дипломатско и конзуларно право; Меѓународно договорно право; Меѓународни трибунали; Меѓународно економско право; Меѓународно правни аспекти на борбата против тероризмот; Транзициона правда и меѓународно право; Меѓународно право за правата на човекот – применета програма; Права на бегалци, мигранти, лица без државјанство и криза на човековите права. |
| **Катедра за меѓународно приватно право** ***(Научна област меѓународно приватно право 50807)*** | Меѓународно приватно право; Меѓународно арбитражно право; Меѓународно приватно право – применета програма; Судир на законите; Меѓународно приватно право на ЕУ; Признавање и извршување на странски судски одлуки; Меѓународно приватно процесно право; Постапка за признавање и извршување на странски судски и арбитражни одлуки; Инвестиционо право. |
| **Катедра за меѓународни односи и историја на дипломатија** ***(Научна област меѓународни односи и историја на дипломатија 50815)*** | Меѓународни политички односи; Теории за меѓународни односи; Транснационален криминал и меѓународен тероризам; Дипломатско и конзуларно работење; Мултилатерална дипломатија; Меѓународен тероризам. |
| **Катедра за право на Европска Унија** ***(Научна област право на Европска Унија 50811)*** | Вовед во право на ЕУ; Право и институции на ЕУ; Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ; Илегална имиграција и трговија со луѓе во ЕУ; Мултикултурализмот и ЕУ; Право на ЕУ-применета програма; Право на внатрешниот пазар на ЕУ; Право на ЕУ за заштита на животната средина; Европско енергетско право; Европско граѓанство; Меѓународно европско нуклеарно право. |
| | **ИНСТИТУТ ЗА ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ НАУКИ** |
| **Катедра за воведни и теоретски правни науки** ***(Научна област воведни и теоретски правни науки 50801)*** | Вовед во правото; Социологија на правото; Филозофија на правото; Теорија на правото; Право и информатичка технологија; Дигитална демократија; Правен систем на САД; Методологија на правни науки. |

| | ИНСТИТУТ ЗА ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ НАУКИ |
|---|---|
| **Катедра за уставно право и политички систем** ***(Научна област уставно право и политички систем 50814)*** | Уставно право; Политички систем; Конституционализам; Политички партии и интересни групи; Современи политички системи; Локална самоуправа; Уставен инженеринг во поделени општества; Политички кампањи, избори и изборни системи; Современа македонска политика и политички систем на Македонија; Политички систем на ЕУ; Избори и изборни системи; Модели на демократија; Човекови права во РСМ; Демократска транзиција и консолидација; Суверенитет, теорија и практика; Федерализам, регионализам и демократија; Политички системи во земјите од Југоисточна Европа; Избори и политички партии; Политичка кампања; Уставно право на Европа; Споредбено уставно право; Конституционализам и човековите права; Уставно судство; Парламентарно право; Организација на власта; Уставно правна техника; Човекови права - применета програма; Уставна историја; Теорија и практика на федерализмот; Малцински права; Корпорациите и локалниот и регионален развој; Уставно право - применета програма; Политички систем - применета програма; Регионализмот, автономијата и локалната самоуправа; Нации и национализам; Конституционализмот и глобализацијата; Право на Советот на Европа. |
| **Катедра за административно право и јавна администрација** ***(Научна област административно право и јавна администрација 50802)*** | Административно право; Управно процесно право; Управно судство; Компаративна управа; Службенички систем; Административно право - применета програма; Управни договори; Теории на управувачки системи; Право на невладини организации; Антикорупциско право; Јавни корпорации; Право и јавно здравство; Право на слободен пристап до информации од јавен карактер; Еколошко право; Право на заштита на лични податоци; Административни процедури; Спортско право, Одговорност на јавната администрација, Етика и јавна администрација; Јавна администрација; Односи со јавноста и НВО; Односи со јавност во јавната администрација. |
| | **ИНСТИТУТ ЗА РИМСКО ПРАВО И ПРАВНО-ИСТОРИСКИ НАУКИ** |
| **Катедра за римско право** ***(Научна област римско право 50810)*** | Римско право; Римско право и современо компаративно право; Историја и извори на римското право; Теории и институции на римското право; Латинска правна терминологија; Пандектно право; Римско јавно право; Јустинијаново законодавство; Римско кривично право; Византиско право; Заложно право (историски и современи аспекти); Историски аспекти на сопственоста; Римско и европско договорно право; Римско статусно и семејно право; Римско имотно право; Римска судска постапка; Кодификација на римското право; Правото во античка Македонија; Егзегеза на изворите на римското право; Историја на Стариот Рим; Институциите на Гај; Римско и современо заложно право; Латинска правна епиграфија; Римска правна филозофија; Делата на Кикерон; Римска митологија; Реторика; Стилистика и реторика; Аргументациони модели; Теорија на реториката; Говорништво и невербална комуникација; Античка реторика; Реторика и правна аргументација; Правна реторика; Римска реторика; Форензичка реторика; Споредбена правна традиција I; Споредбена правна традиција II; Ius commune и европско приватно право; Ius commune и Common Law. |

| | |
|---|---|
| | **ИНСТИТУТ ЗА РИМСКО ПРАВО И ПРАВНО-ИСТОРИСКИ НАУКИ** |
| **Катедра за историја на правото** ***(Научна област историја на правото 50822)*** | Историја на правото; Современа македонска историја; Современа европска историја и идејата за Европа; Политичка историја на Балканот; Современа европска и македонска историја; Историја на европското право; Историја на големите правни системи; Историја на дипломатија; Историја на Османлиското Царство; Црковно право; Методологија на правно-историските науки; Право на Стариот век; Право на Средниот век; Право на Новиот век; Историја на англиското право; Историја на француското право; Историја на правото во античка Македонија; Правото во средновековна Македонија; Правото во Македонија под османлиска власт; Државно-правните концепти во македонското ослободително движење во втората половина на 19 век и почетокот на 20 век; Државата и правото во Македонија во 20 век (1912-2005); Македонија во меѓународните политички односи и меѓународните договори (19-20 век); Правната положба и надлежностите на црковно-училишните општини во Македонија; Македонија во меѓународните односи (1991-2005); Историја на словенското право; Историја на балканските држави (19-20 век); Историја на германското право; Балканот и американската дипломатија во 20 век; Источното прашање и Македонија; Религиозни движења во Југоисточна Европа; Статусот на немуслиманите во османлиското општество; Големи правни системи и кодификации; Македонско обичајно право; Дипломатски протокол (историја и практика); Големи правни кодификации; Современа историја и дипломатија на Блискиот Исток. |
| | **ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИИ** |
| **Катедра за теоретски политички науки** ***(Научна област теоретски политички науки 50700)*** | Вовед во наука за политика; Политички теории; Современи политички теории; Политичка социологија; Цивилно општество; Политичка филозофија; Етнички конфликти во меѓународните односи; Географија и геополитика; Етницитет, нација и држава; Политичка култура; Политичка психологија; Глобализација; Религија и политика; Политичко лидерство; Политичка антропологија; Политичка митологија; Феминистички теории за политиката; Вовед во политика; Парламентарно владеење во ЕУ. |
| **Катедра за применети политички науки** ***(Научна област применети политички науки 50708)*** | Јавно мислење и масовни комуникации; Применета политика; Методологија на политички науки; Применета политика во РСМ; Развојот и човековите права; Добро владеење и управување; Политика на креирање на конкурентност; Политичка пропаганда и убедување. |
| **Катедра за европски интеграции и дипломатија** ***(Научна област европски интеграции и дипломатија 50705)*** | Теории за европски интеграции; Процес на донесување одлуки во ЕУ; Политика на проширувањето на ЕУ; Аплицирање и менаџирање на европски проекти; Заеднички политики на ЕУ; Европска интеграција на РСМ; Европски интеграции. |

| | **ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИИ** |
|---|---|
| **Катедра за медиуми и комуникации** ***(Научна област медиуми и комуникации 50706)*** | Новинарски жанрови; Е-новинарство; ТВ-новинарство; Радионовинарство; Мировно и воено новинарство; Истражувачко новинарство; Агенциско новинарство; Известување во новинарството – практикум; Уредување во новинарството – практикум; Теории на новинарство; Новинарство во печатени медиуми; Графиката и дизајнот во новинарството; Комуникологија; Медиумите и глобализацијата; Комуникациски теории; Социологија на комуникации; Менаџирање на медиуми, Истражување на публика; Нови медиуми; Правата на децата и медиумите; Печатени медиуми; Права од пренос на спортски натпревари; Култура на говорот; Теорија на односите со јавноста; Односи со медиумите; Односи со медиуми – практикум; Деловна комуникација; Теории и концепции на односите со јавноста; Корпоративна комуникација; Интервју; Интерна комуникација; Лобирање и односите со јавноста; Техники на односите со јавноста; Односи со јавноста во кризни ситуации; Социопсихолошки аспекти на односите со јавноста; Теории и техники на односите со јавноста; Информатичко- комуникациска технологија и односите со јавноста; Политички маркетинг и односи со јавноста; Политички маркетинг; Јавно мислење; Односи со јавноста во услови на криза. |

**Д Е К А Н,**
**проф. д-р Горан Коевски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 34. седница одржана на 27.9.2019 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
### за давање согласност на Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со внесени забелешки од Комисијата за нормативна дејност на Универзитетот.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**